**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Катерина Кокина**
**именуван за подрачјето на**

**И.бр.5/17**

**Скопје 1 и Скопје** 2
**Бул. Св. Климент Охридски бр.52/1-9**
**тел./факс (02)** 3256-010

Извршителот Катерина Кокина од Скопје врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Прокредит банка АД Скопје од Скопје со ЕДБ 4030003482066 и седиште на Манапо бр.7 засновано на извршната исправа Нотарски акт ОДУ бр.629/11 од 28.06.2011 година на Нотар Елена Пенцерковски од Скопје, против:

- Јусуф Имишти од Скопје со живеалиште на ул.3 бр.12 -Должник и
- Ќерим Имишти од Скопје со живеалиште на ул.3 бр.14А – Заложен должник,

за спроведување на извршување во вредност 1.233.875,00 ден., на ден 10.03.2021 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ТРЕТА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со трето усно јавно наддавање на недвижноста сопственост на заложниот должник Ќерим Имишти од Скопје, евидентирана во Имотен лист број 58, КО Визбегово:

- КП.бр.1453, викано место/улица с. Визбегово- Долни рид, катастарска култура под зграда, површина во м2 115, право на недвижност сопственост;
- КП.бр.1453, викано место/улица с. Визбегово - Долни рид, катастарска култура зз, н, класа 4, површина во м2 1065, право на недвижност сопственост;
- КП.бр.1453/0, Адреса (улица и куќен број на зграда) Визбегово ул.3 бр.14 А, Број на зграда/друг објект 1, Нам. на згр. и други обј. Помошни простории, Влез 001, Кат ПО, Број 001, Собност 3, Материјал на градба 893/0, Внатрешна површина во м2 95,Основ на градба 1, право на недвижност 831(право на сопственост) и
- КП.бр.1453/0, Адреса (улица и куќен број на зграда) Визбегово ул.3 бр.14 А, Број на зграда/друг објект 1, Нам. на згр. и други обј. Стан во семејна зграда, Влез 001, Кат ПР, Број 001,Собност 4, Материјал на градба 893/0, Внатрешна површина во м2 93, Основ на градба 1, право на недвижност 831 (право на сопственост),

**Продажбата ќе се одржи на ден 22.04.2021 година во 14:00 часот во просториите на на Извршител Катерина Кокина, Бул.„Св. Климент Охридски" бр.52/1-9, Скопје.**

Почетната вредност е утврдена со Заклучок за утврдување на вредност/цена на недвижност врз основа на чл.185 став 4 од ЗИ И.бр.5/17 од 10.03.2021 година за недвижноста евидентирана во Имотен лист бр.58 Ко Визбегово и тоа на:

-КП.бр.1453/0, Адреса (улица и куќен број на зграда) Визбегово ул.3 бр.14 А, Број на зграда/друг објект 1, Нам. на згр. и други обј. Помошни простории, Влез 001, Кат ПО, Број 001, Собност 3, Материјал на градба 893/0, Внатрешна површина во м2 95, и КП.бр.1453/0, Адреса (улица и куќен број на зграда) Визбегово ул.3 бр.14 А, Број на зграда/друг објект 1, Нам. на згр. и други обј. Стан во семејна зграда, Влез 001, Кат ПР, Број 001,Собност 4, Материјал на градба 893/0, Внатрешна површина во м2 93, **во износ од 5.303.567,00 денари**, под којашто недвижноста не може да се продаде на третата продажба и

- КП.бр.1453, викано место/улица с. Визбегово - Долни рид, катастарска култура зз,Нива класа 4, 1065 м2, **во износ од 1.222.046,00 денари,** под којашто недвижноста не може да се продаде на третата продажба,

односно цената **СЕ УТВРДУВА** на вкупен износ од 6.525.613,00 денари како почетна цена за третата продажба на недвижноста под којашто недвижноста не може да се продаде.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености:

- Право на залог хипотека на Прокредит банка АД Скопје врз основа на Нотарски акт ОДУ бр.629/11 од 28.06.2011 година на Нотар Елена Пенџерковски од Скопје;
- Право на залог хипотека на Прокредит банка Ад Скопје врз основа Нотарски акт ОДУ бр.1466/14 од 27.11.2014 година на Нотар Зафир Хаџи Зафиров од Скопје;
- Налог за извршување И.бр.5/17 на Извршител Катерина Кокина од 18.01.2017 година;
- Налог за извршување И.бр.4/17 на Извршител Катерина Кокина од 18.01.2017 година;
- Налог за извршување И.бр.4/17 на Извршител Катерина Кокина од 16.08.2017 година.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената цена на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на посебната сметка од извршителот со бр. 200002387764020 која се води кај Стопанска Банка АД Скопје и даночен број МК5080011502026, најдоцна еден ден пред одржување на наддавање. Доказ за уплатената гаранција е извод од посебната сметка на извршителот.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 (петнасет) дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Катерина Кокина